

# ВО ДРУШТВО НА ДОБРИ ЛУЃЕ

SAVA
PENZISKO

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работењето на Сава пензиско друштво а.д. Скопје

2022

# СОДРЖИНА

1. Профил на Друштвото 03
Обраќање на Претседателот на Управен одбор 04
2. Основни податоци 06
3. Позначајни настани во 2022 06
4. Мисија, визија, стратешки насоки и цели 10
4.1. Мисија, визија, вредности 10
Вредности 10
4.2. Стратешки насоки 10
5. Корпоративно управување, акционерски капитал и сопственичка структура 11
5.1. Корпоративно управување 11
5.2. Фидуцијарна должност 13
5.3. Кодекс за добро корпоративно управување 13
5.4. Внатрешна ревизија 14
6. Организациона поставеност 14
7. Деловна етика 15
7.1. Етички кодекс 15
7.2. Усогласеност со прописи 15
7.3. Спречување перење пари 15
8. Деловни политики 15
8.1. Политика на вложувања на средствата на Друштвото 15
8.2. Политика на дивиденди 16
8.3. Управување со капитал 16
8.4. Политика на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина 16
8.5. Големи зделки 16
9. Пазарите на капитал во 2022 година 16
9.1. Глобални макроекономски и пазарни движења 16
9.2. Домашни макроекономски и пазарни движења 17
10. Членство 18
10.1. Членство во задолжителниот фонд 18
10.2. Членство во доброволниот фонд 18
10.3. Деловно окружување 18
11. Агентска мрежа 19
11.1. Обука на агентите 19
12. Управување со средствата на задолжителниот пензиски фонд 19
12.1. Остварени приливи на средства во фондот 19
12.2. Структура на инвестициското портфолио на 31.12.2022 19
12.3. NAV, принос и вредност на сметководствената единица 20
13. Управување со средствата на доброволниот пензиски фонд 21
13.1. Остварени приливи на средства во фондот 21
13.2. Структура на инвестициското портфолио на 31.12.2022 21
13.3. НАВ, принос и вредност на сметководствената единица 21
14. Маркетинг, грижа за членство и одржлив развој во 2022 година 22
14.1. Маркетинг активности спроведени врз основ на Законска регулатива 22
14.2. Едукативни маркетинг активности 22
14.3. Промотивни активности 23
14.4. Активности за грижа за членството 23
14.5. Одржлив развој 24
15. Управување со ризиците на Друштвото 25
15.1. Оперативен ризик (несакани настани) 25
15.2. Пазарни ризици 25
15.3. Кредитни ризици 25
15.4. Ликвидносен ризик 26
16. Управување со ризици на Фондовите 26
17. Информатичка технологија и сигурност на информацискиот систем 26
18. Управување со човечки ресурси 27
18.1. Структура на вработени 27
18.2. Клучни активности во управувањето со кадри 28
18.3. Развој и обука на вработените 28

# ПРОФИЛ НА ДРУШТВОТО

Сава пензиско друштво а.д. Скопје (во понатамошниот текст: Друштвото) е првото друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови во Република Северна Македонија. Основано во 2005 година како Друштво за управување со задолжителен пензиски фонд, а од 2009 година ја проширува дејноста и добива дозвола за управување со првиот доброволен пензиски фонд.

Друштвото управува со задолжителен пензиски фонд „Сава пензиски фонд'' и доброволен пензиски фонд „Сава пензија плус''.

Друштвото е во целосна сопственост на Позаваровалница Сава д.д. Љубљана (скратен назив: Сава Ре) и членка на Сава Осигурителната Групација од 14.03.2018 година.

Од основањето до денес Друштвото остварува континуиран раст и унапредување во сите сегменти во работењето што се должи на воспоставената корпоративна култура, создавањето сопствена традиција, ангажирањето на професионалниот кадар и современата информатичка технологија.

Поаѓајќи од својата примарна дејност, Друштвото посветува особено внимание на непосредната презентација на понудата на своите продукти, задолжително и доброволно пензиско осигурување, како и континуираното проширување и унапредување на услугите што ги нуди на своите членови. Инвестирањето на средствата на пензиските фондови, претставува примарна одговорност на добро организиран и високостручен тим. Друштвото е долгорочно определено во процесот на управувањето со средствата на пензиските фондови да обезбеди приноси од инвестирањето што ќе ги зголемат заштедите за посигурна и постабилна иднина на членовите.

Потврда за успешното работење на Друштвото, меѓу останатото се и добиените меѓународни и национални награди.

## Членство во Сава Осигурителна Групација

Друштвото е членка на Сава Осигурителна Групација, која е интернационална осигурителна групација присутна во повеќе од 100 осигурителни и реосигурителни пазари во светот. Клучните предности на матичната компанија Сава Ре, со седиште во Словенија, се повеќе од 40 годишно искуство, меѓународен углед, успешност и стабилност во работењето. Сава Ре дава услуги на реосигурување на повеќе од 350 партнери во цел свет. Во сопственост на Сава Ре се повеќе осигурителни компании, компании за управување со пензиски и инвестициски фондови, како и сервисно/услужни компании, кои заедно ја прават една од најголемите осигурителни групации, на територијата на Југоисточна Европа. Групацијата е една од водечките осигурителни групи и во регионот, со присуство во шест земји на Јадранскиот регион. Акциите на Сава Ре котираат на Љубљанската Берза и се дел од SBI TOP, словенечкиот blue chip index.

## Состав на Сава Осигурителна Групација на 31.12.2022




**Процентажите во табелата се релативни со капитални вложови. Дадените капитални влогови за Г2И Сава Инфонд и ДЦБ се разликуваат од право за гласање држено од овие компании. Годишниот извештај нуди обелоденување за сите Групни компании, заедно со капитални влогови и право за гласање*



# ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВЕН ОДБОР

Ми претставува задоволство да ви го презентирам Годишниот извештај на Сава пензиско друштво АД Скопје и Финансиските извештаи за финансиската година која завршува на 31 декември 2022 година, за една година во која се соочивме со предизвици во повеќе сегменти на работењето на Друштвото. Успешно совладувајќи ги предизвиците, во 2022 година остваривме солидни резултати и работевме професионално, одговорно, совесно и посветено, свесни за драматично променетите услови во глобалното опкружување, во контекст на воената криза во Украина и енергетската криза која се појави како последица на тоа.

Најпрво, би сакал да ја искористам можноста да им се заблагодарам на сите вработени кои биле и се вклучени во работењето на Друштвото. Членовите на Задолжителниот пензиски фонд Сава пензиски фонд и Доброволниот пензиски фонд Сава пензија плус добиваат адекватна услуга во текот на целата година, Друштвото обезбедува соодветни и високи стандарди во сите сегменти на работењето, од зачленувањето, информирањето и едукацијата на членството, во сегментот на управување со средствата, ризиците, усогласеност со прописите и други релевантни аспекти на работењето. Тимот на Сава пензиско друштво целосно се адаптира на систем на хибридна работа во текот на 2022 година. Во ваков модел на функционирање, тимот продолжи да испорачува квалитетно ниво на услуга во текот на годината. Веќе воспоставеното искуство од претходните години на работа од дома ни овозможи најдобро и најефикасно да ги организираме работните процеси во ваков модел на функционирање.

Минатата година беше успешна и покрај континуираните предизвици на ново наметнатата ситуација на глобално ниво со страшната војна во Украина и енергетската криза како резултат на таа воената состојба како и се уште незавршената пандемија на COVID-19 која, иако со намален интензитет, се уште продолжи да влијае на нашиот секојдневен живот во 2022 година.

Она што остана како навика од пандемијата на COVID-19 и што мора да се напомене е флексибилноста и отвореноста од членовите и пензионираните членови да усвојат различни канали за комуникација. Ваквиот начин беше постепено изграден во 2020 и 2021 година и стана прилично интензивен начин на комуникација преку електронски средства. Ни претставува задоволство да се види висока и интензивна посетеност на електронските канали на комуникација на Сава пензиско друштво во текот на изминатата година.

Значајно е да се спомене дека, економското опкружување и финансиските пазари останаа предизвикувачки во текот на 2022 година. Во 2022 година, светската економија претрпе „троен удар“, со пораст на инфлацијата, зголемувањето на каматните стапки и енергетската криза и страшната војна во Украина. Овие прашања имаа и продолжуваат да имаат длабоко влијание врз нашата работа како Друштво и секако на личните животи на нас и нашите членови. Може да се заклучи дека тоа беше тешка година за финансиските пазари. Воените случувања и битката на централните банки против инфлацијата беа главните пречки за перформансот на пазарите на капитал. Сепак, последниот квартал од годината донесе одредено олеснување.

Инвестирањето на средствата на Сава пензиски фонд и Сава пензија плус се базира на долгорочна инвестициска политика која има за цел да обезбеди долгорочно одржлив инвестициски принос за сите членови и има фидуцијарна должност да дејствува во најдобар, долгорочен интерес на членовите на пензиските фондови. Одговорното инвестирање е основен дел од инвестициската стратегија, односно да се спроведува максимизирање на приносите со адекватно, прифатливо ниво на ризик. Тоа секогаш било наша определба и на основа на оваа определба Сава пензиско друштво ги спроведуваше своите инвестициски активности во 2022 година.

Македонската економија во услови на висока инфлација во 2022 година мораше да се соочи со рестриктивна монетарна политика на централната банка. Целта на оваа монетарна политика беше одржување на стабилен девизен курс и на среднорочна ценовна стабилност. Мерките на централната банка се подржани со фискалните мерки кои треба да обезбедат фискална консолидација која нема да му наштети на економскиот раст. Сепак, постојат редица неизвесности во процесот на прилагодување на новите економски состојби. Предизвиците се големи и со оглед на долгогодишното чекање на почетокот на преговорите со ЕУ и слабиот напредок и залагања за промени кон воспоставување на европски стандарди во повеќе области.

Верувам дека овој извештај ќе даде корисно ажурирање за финансиската состојба на Друштвото и фондовите, како и резиме на активностите во однос на членовите и пензионираните членови и целокупните перформанси на Друштвото во текот на минатата година.

Резултатите на пензиските фондови, од аспект на бројноста на новото членство, уплатените придонеси, пазарното учество, во услови на дејствување на третото пензиско друштво на пазарот и појава на четврто пензиско друштво кое управува со доброволен пензиски фонд се во рамките на очекуваните проекции. Бројот на вработувања, а со тоа и на нови членови во задолжителниот пензиски фонд е стабилен, особено во контекст на актуелните економски состојби. Кај доброволното пензиско осигурување, континуирано се зголемува свеста за можноста да се уплатуваат дополнителни средства со цел да се обезбеди поквалитетно живеење во пензионерските денови.

Нашите клучни постигнувања и цели и понатаму се поставување на клиентот односно членството во нашиот примарен фокус, преку едуцирана и адекватно структурирана агентска мрежа, преку едукација на членството и пошироката јавност со поголем фокус кон дигитализација, оптимизација на процесите и технолошка модернизација со цел постигнување зголемена продуктивност и трошочна ефикасност. Од аспект на инвестициите потребно е и понатаму континуирано да се стремиме да се постигне стапка на принос која ќе биде повисока од стапката на принос на поставениот синтетички репер, а со тоа и да се постигнат долгорочните цели поставени во инвестициските стратегии. Дополнително, фокусот кон одржливите финансии преку анализа на практиките на издавачите на хартии од вредност во кои се инвестираат средствата на пензиските фондови, како и анализа и дијалог со добавувачите и партнерите продолжува да биде стратешка насока преку која Друштвото делува во долгорочен интерес на сите засегнати страни. Со иста цел се и сите наши донации и спонзорства во спортот, екологијата и културата, преку кои продолжуваме да ги истакнуваме нашите вредности и Мисија во однос на општествената одговорност.

Знаеме дека очекувањата од Сава пензиско друштво се големи. Бројноста на членството е показател за тоа. Уверени сме дека сме воспоставиле претпоставки за работењето на Сава пензиско друштво да биде во голема мерка или потполно усклaдено со тие очекувања. Продолжуваме да работиме посветено, одговорно, транспарентно, етички и со висока свест за сите предизвици и неизвесности. Желбата за остварување на нашата визија и мисија за доброто и во интерес на членовите на пензиските фондови, нашиот акционер, сите стеикхолдери ( засегнати страни), вработените и целокупната заедница.

**Д-р Петар Талески**

*Претседател на Управен одбор*

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

| Назив | Сава пензиско друштво а.д. Скопје |
|---|---|
| Адреса | Мајка Тереза бр. 1 Скопје |
| Телефон | 02/ 5100285, 02/15 500 |
| Телефакс | 02/3236 989 |
| E mail | kontakt@sava-penzisko.mk |
| Интернет страна | www.sava-penzisko.mk |
| Матичен број | 5989434 |
| Даночен број | 4030005551006 |
| Трансакциска сметка | 210-059894340105 |
| Основен капитал | 130.000.478 МКД |
| Број на акции | 21.200 |
| Органи на управување и надзор | Петар Талески (Член и Претседател од 01.06.2022 година)<br>Коста Ивановски (Член)<br>Марија Ѓорѓиевска (Член од 01.06.2022 година)<br>Мира Шекутковска (Претседател заклучно со 31.05.2022 година) |
| | Надзорен одбор:<br><br>Павел Гојкович (Претседател)<br>Петер Скварча (Член)<br>Рок Мољк (Член од 27.10.2022 година)<br>Мојца Горњак (Член до 27.10.2022 година)<br>Ерол Хасан (Независен член од 31.05.2022 година)<br>Гоце Вангеловски (Независен член до 31.05.2022 година) |
| Датум на издавање на дозволи | Одлука за формирање на друштво за управување со пензиски фондови од 04.04.2005 година, издадена од МАПАС |
| | Одлука за управување со пензиски фонд „Нов пензиски фонд" – отворен пензиски фонд од 09.06.2005 година, издадена од МАПАС |
| | Одлука за полноважност на условно одобрение за управување со доброволен пензиски фонд од 03.06.2009 година, издадена од МАПАС |

| | |
|---|---|
| Овластен ревизор | ДИЛОИТ ДОО Скопје |
| Акционер | Позаваровалница Сава д.д. Љубљана, 100% (бр. на акции: 21.200) |
| Банка чувар на имот | НЛБ Банка АД Скопје |
| Регулатор | Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) |

# ПОЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ВО 2022

И покрај навестувањето дека 2022 година ќе биде мирна година, од аспект на стабилизација на состојбата со Covid 19 и укинување на рестриктивните мерки, сепак годината беше проследена со многу случувања кои имаа негативни ефекти, почнувајќи од воениот конфликт помеѓу Русија и Украина, преку енергетската криза, до високата инфлација која ја погоди нашата земја и пошироко. Ова неминовно доведе до потреси на пазарите на капитал и пад на вредноста на финансиските инструменти. Со цел држење под контрола на високата инфлација, се преземаа низа мерки на страната на монетарната политика, кои резултираа во раст на каматните стапки.

Промени се случија и на пазарот на капитално финансирано пензиско осигурување во нашата земја, каде се зголеми конкуренцијата со влез на ново друштво за управување со доброволен пензиски фонд. Неизвесноста која произлезе од воениот конфликт се одрази на повисоки исплати и повлекување на средства од доброволниот фонд, во месеците на почетокот на воениот конфликт.

### Случувања во Друштвото

Во 2022 година, Друштвото продолжи да работи во хибриден модел на работа и промени во Управниот одбор. Кон крајот на годината беше усвоена Стратегијата на Друштвото за период 2023-2027, во која се дефинираа стратешките насоки за развој на Друштвото и стратешките цели, изразени преку квантитативни и квалитативни индикатори за перформанс. Клучните приоритети во периодот 2023-2027, во Друштвото, и пошироко во Сава осигурителна група ќе бидат во следниве области:

- Клиентот во центар, дигитализација, агент на иднината
- Оптимизација на бизнис процеси
- Одржлив развој

## Промени во регулатива

Министерството за финансии во втората половина од годината излезе со предлог даночна реформа и најава на промени во пакет закони од даночната сфера. Во декември беше објавен Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на личен доход. Законот е со примена од 1 јануари 2023 година.

Позначајни измени се:

- Се укинува почетокот на примената на прогресивното оданочување од 1 јануари 2023 година. Продолжува примената на оданочување на остварениот доход со единствена стапка од 10 %, односно 15 % за доходот од добивките од игрите на среќа;
- Се воведува оданочување на цела категорија немонетарни бенефиции;
- Се укинува ослободувањето од оданочување на:
    - уплатениот придонес во доброволен пензиски фонд за вработените лица,
    - уплатената премија за животно осигурување и
    - уплатената премија за доброволно здравствено осигурување;

Укинувањето на ослободувањето на уплатениот придонес во доброволен пензиски фонд, од страна на работодавач за своите вработени, очекуваме да има негативен ефект и намалување на интересот на работодавачите да уплаќаат придонес во доброволен фонд, за своите вработени.

## Намалување на месечниот надоместок што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

Во службен весник Бр. 259 од 01.12.2022 е објавена одлуката за висината на месечниот надоместок што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од секое пензиско друштво, за 2023 година, кој изнесува 0,7% од вкупните придонси уплатени во претходниот месец во секој пензиски фонд со кој управува пензиското друштво.

## Намалување на надоместокот од придонеси во задолжителниот фонд

Почнувајќи од 01.01.2023 стапката на надоместок од придонеси во задолжителниот фонд, која ја наплаќа Друштвото се намалува од 2,00% на 1,90%. Друштвото ги презеде сите активности за имплементирање на промената.



## Извештај за сеопфатна добивка по локални прописи

Година завршена на 31 декември (во 000 МКД)

| | 2021 | 2022 |
|---|---|---|
| Приходи од управување со фондови | **265.984** | **294.819** |
| Приходи од надоместок од придонеси | 93.594 | 104.419 |
| Приходи од надоместок од управување | 172.388 | 190.398 |
| Приходи од надоместок за премин | 2 | 2 |
| Расходи од управување со фондови | **(81.071)** | **(87.596)** |
| Расходи за МАПАС | (37.122) | (41.501) |
| Расходи за чувар на имот | (16.905) | (17.668) |
| Расходи за Фондот на ПИОСМ | (4.417) | (5.058) |
| Трошоци за трансакции | (172) | (120) |
| Трошоци за маркетинг | (15.835) | (14.665) |
| Трошоци за агенти | (5.402) | (7.344) |
| Останати трошоци од управување со фондови | (1.217) | (1.240) |
| Добивка од управување со фондови | **184.913** | **207.223** |
| Останати приходи на Друштвото | 1.218 | 1.173 |
| Расходи од управување со Друштвото | **(84.929)** | **(95.441)** |
| Трошоци за суровини и други материјали | (1.339) | (2.642) |
| Трошоци за услуги | (14.250) | (14.930) |
| Плати, надоместоци за плати и останати трошоци за вработените | (52.522) | (58.037) |
| Амортизација | (2.160) | (2.772) |
| Резервирање на трошоци за ризици | (794) | (350) |
| Останати трошоци од работењето | (13.865) | (16.710) |
| Финансиски приходи | 17.660 | 21.804 |
| Финансиски расходи | (1.759) | (4.783) |

| | | |
|---|---|---|
| **Бруто добивка** | **117.102** | **129.976** |
| **Данок на добивка** | (7.632) | (9.202) |
| **Нето добивка за годината** | **109.470** | **120.773** |
| **Нето добивка (загуба) од повторно вреднување на хартии од вредност расположиви за продажба** | (3.097) | (47.540) |
| **Актуарски добивки (загуби) на дефинирани планови за користи на вработени** | (413) | 928 |
| **Друга нето сеопфатна добивка (загуба)** | **(3.510)** | **(46.612)** |
| **ВКУПНА НЕТО СЕОПФАТНА ДОБИВКА** | **105.960** | **74.161** |

| Финансиски показатели | 2021 | 2022 |
|---|---|---|
| ROA пред данок | 16,7% | 18,2% |
| ROA по данок | 15,6% | 16,9% |
| ROE пред данок | 17,8% | 18,9% |
| ROE по данок | 16,6% | 17,5% |
| CIR | 46,6% | 46,1% |

**Извештај за сеопфатна добивка по меѓународни сметководствени стандарди и меѓународни стандарди за финансиско известување (МСС и МСФИ) ***

**Година завршена на 31 декември (во 000 МКД)**

| | 2021 | 2022 |
|---|---|---|
| Приходи од управување со фондови | **265.984** | **294.819** |
| Приходи од надоместок од придонеси | 93.594 | 104.419 |
| Приходи од надоместок од управување | 172.388 | 190.398 |
| Приходи од надоместок за премин | 2 | 2 |
| Расходи од управување со фондови | **(77.309)** | **(82.424)** |
| Расходи за МАПАС | (37.122) | (41.501) |
| Расходи за чувар на имот | (16.905) | (17.668) |
| Расходи за Фондот на ПИОСМ | (4.417) | (5.058) |
| Трошоци за трансакции | (172) | (120) |
| Трошоци за маркетинг | (15.835) | (14.665) |
| Трошоци за агенти | (1.640) | (2.172) |
| Останати трошоци од управување со фондови | (1.217) | (1.240) |
| Добивка од управување со фондови | **188.675** | **212.396** |
| Останати приходи на Друштвото | 1.218 | 1.173 |
| Расходи од управување со Друштвото | **(85.094)** | **(95.395)** |
| Трошоци за суровини и други материјали | (1.339) | (2.642) |
| Трошоци за услуги | (8.470) | (9.149) |
| Плати, надоместоци за плати и останати трошоци за вработените | (52.601) | (57.932) |
| Амортизација | (6.984) | (7.533) |
| Резервирање на трошоци за ризици | (794) | (350) |
| Останати трошоци од работењето | (14.906) | (17.789) |
| Финансиски приходи | 17.660 | 21.804 |
| Финансиски расходи | (1.759) | (4.783) |
| **Бруто добивка** | **120.699** | **135.195** |
| **Данок на добивка** | (8.000) | (9.730) |
| **Нето добивка за годината** | **112.699** | **125.464** |
| **Нето добивка (загуба) од повторно вреднување на хартии од вредност расположиви за продажба** | (3.097) | (47.540) |
| **Актуарски добивки (загуби) на дефинирани планови за користи на вработени** | (413) | 928 |
| **Друга нето сеопфатна добивка (загуба)** | **(3.510)** | **(46.612)** |
| **ВКУПНА НЕТО СЕОПФАТНА ДОБИВКА** | **109.189** | **78.852** |
| **Финансиски показатели** | **2021** | **2022** |
| ROA пред данок | 17,0% | 18,5% |
| ROA по данок | 15,8% | 17,1% |
| ROE пред данок | 18,3% | 19,4% |
| ROE по данок | 17,1% | 18,1% |
| CIR | 45,2% | 44,3% |

| **000 МКД** | Локална регулатива | МСС/МСФИ | Разлика (локална регулатива/МСФИ**)** |
|---|---|---|---|
| *Избрани финансиски податоци* | | | |
| Вкупни приходи | 317.796 | 317.796 | - |
| Вкупни расходи | 187.820 | 182.601 | 5.219 |
| Данок на добивка (тековен) | 9.202 | 9.202 | 0 |
| Данок на добивка (одложен) | 0 | 528 | (528) |
| Нето добивка од тековното работење | 120.773 | 125.464 | (4.691) |
| | | | |
| *Вкупен капитал* | 692.573 | 698.545 | (5.972) |
| Вкупни средства | 717.374 | 735.435 | (18.061) |
| Вкупни обврски | 24.800 | 36.890 | (12.090) |
| | | | |
| ROA пред данок | 18,2% | 18,5% | (0,3 пп) |
| ROA *по данок* | 16,9% | 17,1% | (0,2 пп) |
| ROE пред данок | 18,9% | 19,4% | (0,5 пп) |
| ROE по данок | 17,5% | 18% | (0,5 пп) |
| CIR | 46,1% | 44,3% | 1,8 пп |

**Друштвото изработува финансиски извештаи по МСС и МСФИ, за целите на изработка за консолидираните финансиски извештаи на Сава Осигурителна Групација.*

Разликите во финансиските податоци по локални прописи и по МСС/МСФИ произлегуваат од следното: за целите на изработка на консолидираните финансиски извештаи на Сава Осигурителна Групација, Друштвото вон книговодствено:

- Евидентира резервирања за неискористени денови од годишен одмор;
- Врши разграничување на агентските трошоци, кои произлегуваат од провизии за агентите согласно дефинирани критериуми, и се однесуваат на задолжителниот и на доброволниот фонд;
- Евидентира Договор за оперативен наем, согласно барањата на ИФРС



# МИСИЈА, ВИЗИЈА, СТРАТЕШКИ НАСОКИ И ЦЕЛИ

## Мисија, визија, вредности

### Мисија

Обезбедување на финансиска сигурност и одржлива иднина за нашите членови, нашите вработени, нашите партнери и нашите сопственици. Преку раст на вредноста на пензиските заштеди се стремиме да обезбедиме соодветна пензија за нашите членови. На вработените им овозможуваме професионален и личен развој, а на сопствениците соодветен поврат на капиталот. Преку одговорно работење ние креираме вредност за општеството.

### Визија

Посветено работиме и градиме Друштво кое е препознаено по грижата за своите членови, транспарентноста и високите морални вредности, како и по својата активна улога во одржливоста на пензискиот систем, човечката околина и општеството во целина.

### Вредности

- Високи стандарди за корпоративно управување базирано на принципите на посветеност, одговорност, транспарентност и етика.
- Трајно партнерство со членовите базирано на едукација, етичко работење и доверба.
- Високи професионални стандарди, корпоративни вредности, компетенции во управувањето со инвестициите и ризиците, обезбедување на фидуцијарна одговорност на сите нивоа, силни внатрешни контроли и ревизија.
- Добрата работна средина, културата на нашите вработени и нивниот континуиран професионален и личен развој се предуслов за градење на нашиот тим.

### Стратешки насоки

Клучните стратешки насоки, дефинирани во петгодишниот Стратешки план на Друштвото се дигитализација, оптимизација и технолошка модернизација со цел поставување на клиентот во центар, развој на силна агентска мрежа (агенти на иднината), рационализација на деловните процеси преку ефикасно користење на новите ИТ технологии, овозможување на побрза комуникација со клиентите и намалување на фиксните трошоци, одржлив развој со стратегија насочена кон намалување на емисијата на стакленички гасови.

# КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ, АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ И СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА

## Корпоративно управување

Корпоративното управување во Друштвото претставува збир на правила со кои се уредуваат начинот, постапките и процесите преку кои Управниот, Надзорниот одбор, лицата со посебни овластувања и одговорности и раководните лица во Друштвото, донесуваат одлуки во врска со управувањето на Друштвото и пензиските фондови, како и начинот на следење на имплементацијата на тие одлуки.

Целта на доброто корпоративно управување е обезбедување одговорност и транспарентност во работењето на Друштвото, создавање на доверба меѓу Управниот и Надзорниот одбор и заинтересираните субјекти, особено членовите на пензиските фондови и подобрување на ефикасноста на работењето на Друштвото и пензиските фондови.

## Собрание на акционери

Во текот на 2022 година беа одржани две седници.

Годишното собрание беше одржано на 29.03.2022 година при што Собранието ги усвои редовните точки за работа, како и Одлуки за реизбор на членовите на Надзорен одбор, Одлука за констатирање на престанок на функција на независен член Надзорен одбор на Сава пензиско друштво а.д. Скопје и Одлука за избор на независен член на Надзорен одбор на Сава пензиско друштво а.д. Скопје.

На Собранието одржано на 01.09.2022 година беа усвоени: Одлука за констатирање на престанок на функција на член Надзорен одбор на Сава пензиско друштво а.д. Скопје, Одлука за избор на член на Надзорен одбор на Сава пензиско друштво а.д. Скопје, како и Политика за избор и обезбедување на независност на ревизорот на финансиските извештаи на Сава пензиско друштво а.д. Скопје.

## Надзорен одбор

Во текот на 2022 година, Надзорниот одбор на Друштвото го сочинуваа 4 (четири) членови, од кои еден независен и тоа:

**Павел Гојкович**
**Претседател на Надзорен одбор**

Вработен на местото: Директор на деловен центар за животни и пензиски осигурувања во Позаваровалница Сава д.д., Љубљана.

Дејност: Реосигурување.

Членство во органи на управување и надзор: член на Надзорен одбор на Заваровалница Сава д.д. Марибор, член на Надзорен одбор на Сава животно осигурување а.д.о. Белград, член на Надзорен одбор на Сава покојнинска дружба д.д. Марибор и член на Надзорен одбор на Вита животно осигурување д.д. Љубљана.

**Петер Скварча**
**Член на Надзорен одбор**

Вработен на местото: Член на Управата на Позаваровалница Сава д.д., Љубљана.

Дејност: Реосигурување.

Членство во органи на управување и надзор: член на Надзорен одбор на Заваровалница Сава д.д. Марибор, неизвршен член на Одбор на директори на Сава Осигурување АД Скопје и Претседател на Надзорен одбор на Сава неживотно осигурување а.д.о. Белград.

**Рок Мољк**
**Член на Надзорен одбор, од 27.10.2022 година**

Вработен на местото: Помошник на Управата на Позаваровалница Сава д.д., Љубљана.

Дејност: Реосигурување.

Членство во органи на управување и надзор: член на Надзорен одбор на Сава покојнинска дружба д.д. Марибор, член на Одбор на директори на „Илирија" АД Приштина, член на Одбор на директори на „Илирија Лајф" АД Приштина и Претседател и неизвршен член на Одбор на директори на Сава Осигурување АД Скопје.

**Ерол Хасан**
**Независен член на Надзорен одбор, од 31.05.2022 година**

Вработен на местото: Адвокат, Адвокат Ерол Хасан Скопје.

Дејност: Адвокатски дејности.

Членство во органи на управување и надзор: /

Д-р Мојца Горњак беше член на Надзорен одбор до 27.10.2022 година, а независен член на Надзорен одбор до 31.05.2022 година беше Гоце Вангеловски.

Надзорниот одбор на Друштвото е составен од најмалку четири члена кои ги избира Собранието на акционери, кои по изборот треба да бидат одобрени од страна на МАПАС, при тоа водејќи грижа за балансиран состав, експертски знаења и адекватна персонална квалификација на членовите. Најмалку еден од членовите на Надзорниот одбор е независен член.

**Примања**

Во 2022 година, членовите на Надзорниот одбор на Сава пензиско друштво а.д. Скопје, остварија бруто примања* од заснован работен однос кај други работодавачи, кои се наведени во текстот погоре, и тоа:

- Плата: 25.974 илјади МКД
- Надоместоци на плата: 3.006 илјади МКД
- Бонус: 1.216 илјади МКД
- Други права: 551 илјади МКД

*За членовите, Рок Мољк и Мојца Горјанц се вклучени примањата за времетраење на нивниот мандат.*

**Улога и надлежности**

Водечката улога во рамките на системот на корпоративното управување ја има Надзорниот одбор кој ги дефинира мисијата и целите на Друштвото, ги застапува интересите на Друштвото, обезбедувајќи заштита на акционерите. Надзорниот одбор врши контрола и надзор врз управувањето со Друштвото и пензиските фондови што го врши Управниот одбор, одговорен е да обезбеди добро работење, управување и стабилност на Друштвото и пензиските фондови, одговорен е за утврдување на стратегијата на Друштвото и пензиските фондови, навремено и точно финансиско известување на МАПАС, утврдување на деловните приоритети и насочување на работењето на Управниот одбор.

Во 2022 година, Надзорниот одбор одржа 12 седници.

## Управен одбор на Друштвото

**Д-р Петар Талески, FRM**
**Член на Управен одбор и Претседател на Управен одбор од 01.06.2022 година**

**Образование:** Доктор по економски науки
**Стручен профил:** Д-р Петар Талески (1978) професионалната кариера ја започна во НИП Нова Македонија А.Д. Скопје, по што продолжува во финансискиот сектор во Германско Македонски фонд и МЕБ Банка Сарајево и НЛБ Банка АД Скопје. Од јуни 2005 година раководеше со Секторот за продажба и маркетинг во Друштвото, а од 2013 година со Секторот за управување со ризици и позадински операции. Во деловната кариера стекна богато искуство во областа на финансиите и банкарството, продажбата, маркетингот и управувањето со ризици. Поседува и сертификати за работење со хартии од вредност, инвестиционо советување и корпоративно управување. Функцијата на Член на Управен одбор ја извршува во прв мандат.

**Почеток на мандат:** 27.05.2019 година.
**Членство во органи на управување и надзор:** /

**Коста Ивановски, CFA**
**Член на Управен одбор**

**Образование:** дипломиран економист, Овластен финансиски аналитичар. Поседува магистратура по Европска економија и меѓународни финансии.

**Стручен профил:** Коста Ивановски (1980) професионалната кариера ја започнува во областа на осигурувањето во Евролинк Осигурување А.Д. Скопје, и продолжува во брокерскиот оддел во НЛБ Банка АД Скопје, каде меѓу другото е и помошник раководител на Службата за услуги со хартии од вредност. Од ноември 2011 година работи во Друштвото како Управувач со портфолија, а од декември 2016 година раководеше со Секторот инвестиции. Во деловната кариера стекна богато искуство во областа на осигурувањето, тргување со хартии од вредност, финансиите и финансиските анализи, управување со портфолија и инвестирање на средствата.Функцијата на Член на Управен одбор ја извршува во прв мандат.
**Почеток на мандат:** 22.07.2019 година.
**Членство во органи на управување и надзор:** /

**Марија Ѓорѓиевска, CA**
**Член на Управен одбор, од 01.06.2022 година**

**Образование:** дипломиран економист, Овластен ревизор и Овластен сметководител.
**Стручен профил:** Марија Ѓорѓиевска (1978) професионалната кариера ја започнува во областа на ревизијата во Ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје, а потоа како финансиски контролор во Порше Македонија ДООЕЛ Скопје. Од април 2008 година работи во Друштвото како Референт за сметководство и финансиска оператива, а од ноември 2010 година како Раководител на Служба за сметководство и финансии. Од декември 2016 година раководеше со Секторот за сметководство, финансии и котролинг. Во деловната кариера стекна богато искуство во областа на сметководството, финансии, ревизија, контролинг како и областа на човечките ресурси. Функцијата на Член на Управен одбор ја извршува во прв мандат, за период на остатокот на мандатот на Мира Шекутковска.
**Почеток на мандат:** 01.06.2022 година.
**Членство во органи на управување и надзор:** /

**Мира Шекутковска** ја извршуваше функцијата Претседател на Управен одбор заклучно со 31.05.2022 година. Поднесе оставка од функцијата член и Претседател на Управен одбор заради пензионирање.

**Улога и надлежности**

Управниот одбор го претставува и застапува Друштвото и пензиските фондови и раководи со нивната работа и има најшироки овластувања во управувањето,

вршењето на сите работи поврзани со водењето на работите, тековните активности и дејствува во сите околности од име на Друштвото и пензиските фондови во рамките на предметот на работењето, освен за оние за кои е потребна согласност од Надзорен одбор.

Управниот одбор работи и одлучува на редовни седници кои се одржуваат најмалку еднаш месечно. Покрај редовните седници, Управниот одбор одлучуваше и секојдневно со одлуки надвор од седница. Во 2022 година, Управниот одбор одржа 22 седници.

Управниот одбор ги извршуваше надлежностите предвидени со Статутот на Друштвото и Деловникот за работење и надлежност на Управниот одбор, се грижеше за тековното работење на Друштвото, воспоставување на структура на добро корпоративно управување, ги извршуваше одлуките на Собранието и на Надзорниот одбор, донесуваше општи акти, ја утврдуваше стратегијата, деловната политика и годишниот план на Друштвото, го контролираше инвестирањето на средствата на Друштвото и пензиските фондови. Управниот одбор се грижеше за обезбедување на услови за работење на Друштвото во согласност со прописите, управување и следење на ризиците на кои е изложено Друштвото.

**Примања**

Во 2022 година, членовите на Управниот одбор на Сава пензиско друштво а.д. Скопје, остварија бруто примања од работен однос во Сава пензиско друштво а.д. Скопје, и тоа:

- Плата: 9.337 илјади МКД
- Надоместоци на плата: 0 МКД
- Бонус: 2.844 илјади МКД
- Осигурувања: 1.336 илјади МКД
- Други права: 1.173 илјади МКД

Во 2022 година, членовите на Управниот одбор на Друштвото, не остварија примања (плата, надоместоци на плата, бонус, осигурувања и други права), од членство во органи на управување на други Друштва и од работен однос кај други работодавачи.

### Одбор за управување со инвестиции

Одборот е постојано, стручно, координативно и советодавно тело на Управниот одбор, што Управниот одбор го формира од редот на своите членови и други лица. Во составот на Одборот за управување со инвестиции се именувани лица со високо стручни познавања од областа на инвестирањето и управувањето со ризиците.

Одборот за инвестиции работи на седници кои се одржуваат најмалку еднаш месечно. Во текот на 2022 година Одборот одржа 12 редовни седници.

Одборот за инвестиции ги следеше и анализираше: информациите за состојбите на финансиските пазари и пазарот на капитал во Република Северна Македонија, ЕУ, земјите членки на ОЕЦД и пошироко, основните показатели за управувањето со инвестициите на фондовите, структурата на инвестициското портфолио на фондовите, ризиците поврзани со инвестирањето на средствата, законски и интерно поставени лимити за инвестирање на средствата.

## Фидуцијарна должност

Членовите на Управен одбор, Надзорен одбор и раководните лица во Друштвото имаат фидуцијарна должност да работат единствено во корист на интересите на членовите и на пензионираните членови на пензиските фондови со кои управува Друштвото, која ја спроведуваат со примена на високи стандарди на етика и интегритет и без конфликт на интереси.

Друштвото обезбедува примена на фидуцијарната должност од стана на секој вработен и ангажирано лице во Друштвото.

## Кодекс за добро корпоративно управување

Во Кодексот за добро корпоративно управување на Сава пензиско друштво а.д. Скопје пропишани се правила, стандарди и принципи, согласно кои се воспоставени практики на добро корпоративно управување во Друштвото. Правилата за добро корпоративно управување во целост се применуваа во работењето на Друштвото во 2022 година.

Друштвото има воспоставено ефикасен систем на поплаки од членовите на пензиските фондови, систем за контрола на усогласеност на работењето на Друштвото и пензиските фондови со прописите, систем на идентификација, мерење и управување со ризици во работењето.

Водејќи се од правилата и стандардите за управување и раководење на органите, Друштвото го зголемува нивото на доверба кај вработените, членовите, пензионираните членови и потенцијалните членови на пензиските фондови со кои управува.

Друштвото го применува на Кодексот на управувачи на средства на CFA Institute, со што ја потенцира посветеноста кон висок степен на етичност и професионализам во управувањето со средствата на членовите и пензионираните членови. Друштвото е трет правен субјект од регионот кој ја има усвоено примената на овој Кодекс, со која се вброи на листата на финансиски институции на која се наоѓаат реномирани глобални институционални инвеститори.

## Внатрешна ревизија

Внатрешната ревизија е организирана како независен организационен дел, функционално и организациски издвоен од останатите делови на Друштвото, непосредно одговорен за својата работа пред Надзорниот одбор на Друштвото. Внатрешната ревизија ги извршува своите активности во согласност со законската регулатива за пензиски фондови, Политиката за внатрешна ревизија на Друштвото, етичкиот Кодекс и меѓународните стандарди за внатрешна ревизија.

Основната цел на работењето на внатрешната ревизија е преку своите прегледи да обезбеди превентивна, целосна и континуирана контрола на работењето на Друштвото и фондовите, да даде разумно уверување на Управниот и Надзорниот одбор дека Друштвото и фондовите работат согласно законските, подзаконските и интерните акти, дека сметководствената евиденција и финансиските извештаи на Друштвото и фондовите се точни и потполни, дека воспоставениот систем на внатрешни контроли и управувањето со ризиците адекватно и ефикасно делуваат.

Внатрешната ревизија во 2022 година ги спроведуваше ревизорските активности врз основа

на Годишниот план за работа 2022 година. Планирањето на ревизорските прегледи е засновано на документирана процена на ризиците на сите процеси карактеристични за Друштвото и фондовите со цел, определување на приоритетните подрачја за ревизија во 2022 година.

Во текот на 2022 година, Секторот за внатрешна ревизија изврши 9 (девет) редовни ревизии и 1 (една) советодавна работа.

По секој завршен преглед, внатрешната ревизија доставуваше конечни ревизорски извештаи до Управниот одбор и ревидираните организациони единици во кои препорачуваше мерки и даваше предлози за одредени подобрувања на ефективноста на процесите, контролните системи и општата ефикасност на работење на Друштвото и фондовите.

Врз основа на сите наоди до кои дојде внатрешната ревизија при спроведување на ревизорските прегледи во 2022 година оцени дека, управувањето со организацијата, клучните ризици и интерните контроли во Друштвото генерално се добри.

Севкупната добра оценка се должи на тоа што во ревидираните процеси не беа утврдени наоди кои носат високи ризици или бројни наоди со среден ризик, поради слабости во управувањето на организацијата или отсуство на внатрешни контроли, кои би го попречиле остварувањето на деловните и стратешки цели на Друштвото и фондовите.

За позначајните констатации, ризици и препораки од ревизорските прегледи, внатрешната ревизија на квартална основа го известуваше Надзорниот одбор и Управниот одбор на Друштвото, како и за тековниот статус на отворените препораки, мерките и активностите на Управниот одбор за нивна реализација.

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Организационата поставеност на Друштвото е предмет на континуирана преоценка на Управниот одбор, кој го следи работењето и донесува одлуки за реорганизирање во зависност од оперативните потреби.

Актуелната организациона структура на Друштвото е следна:

**Шема на организациона структура на САВА пензиско друштво а.д Скопје**



# ДЕЛОВНА ЕТИКА

## Етички кодекс

Етичкиот кодекс на Друштвото ги опфаќа највисоките стандарди на интегритет, професионалност, морални принципи и правилата на однесување на членовите на Надзорен одбор, Управен одбор, лицата со посебни овластувања и одговорности, раководните лица и вработените во Друштвото.

Во Друштвото е воспоставен ефикасен систем на контрола на усогласеноста во работењето со прописите. Со истиот се обезбедува соодветна примена на прописите во работењето, а воедно се намалуваат ризиците од неусогласеност во работењето со законската регулатива.

Друштвото ги презема и сите потребни мерки за спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба од страна на лицата кои имаат пристап до информации за инвестирање на средствата на пензиските фондови.

## Усогласеност со прописи

Системот за обезбедување и на контрола на усогласеноста во работењето на Друштвото и пензиските фондови со прописите, се практикува преку дефинирано старателство на прописите. Во 2022 година функционираше континуирано, со олеснети covid мерки и зголемен број на вработените кои работат во канцеларија, но сепак добар дел од вработените ја користеа можноста за работа од дома.

Во врска со регулативата која беше донесена во 2022 година, Старателите навремено изготвуваа известувања кои беа разгледувани на седници на Управен одбор и со тоа континуирано и тековно го информираа Управниот одбор, за измените и активностите кои треба да ги преземе Друштвото.

Воспоставениот систем на следење и информирање во областа на усогласеноста со законската регулатива овозможува брзо откривање појави на законска неусогласеност и донесување благовремени и ефикасни мерки за нивно отстранување.

## Спречување перење пари

Друштвото има усвоено и применува Програма за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело, како и Проценка на ризик од перење пари, одржува обуки од таа област, соработува со надлежните институции и во целост ги има имплементирано сите инструменти кои произлегуваат од законската регулатива и се однесуваат на ефикасно откривање и спречување перење пари. Целта на Друштвото е да оневозможи доброволниот пензиски фонд со кој управува да биде искористен за спроведување на нелегални активности.

# ДЕЛОВНИ ПОЛИТИКИ

## Политика на вложувања на средствата на Друштвото

Друштвото ги инвестира своите слободни парични средства согласно законската регулатива и интерните акти. Слободните средства на Друштвото се инвестирани во должнички инструменти издадени од државата и банкарски депозити.

Основните принципи при вложувањето на средствата на Друштвото се: сигурност на средствата, диверзификација на ризикот и одржување на адекватна ликвидност на Друштвото. Основна цел на инвестирањето на средствата на Друштвото е долгорочно остварување принос со истовремено одржување на прифатливо ниво на ризик.

Во 2022 година, Друштвото инвестираше во должнички хартии од вредност и депозити.

Основни критериуми кои се користеа при избор на одделни видови инструменти се следните:

- Должнички инструменти: стапка на принос до доспевање (YTM), валута, траење и рок до доспевање.
- Депозити во банки:
    - Критериуми за избор на банка: се користат лимитите на изложеност кон поединечни банки, кои се утврдени врз основа на модел за класификација на квалитет на банки кој се применува на ниво на Сава Осигурителна Групација, а во функција на управување со кредитниот ризик;
    - Критериуми за избор на конкретен депозитен аранжман: стапка на принос – каматна стапка, вид на каматна стапка (фиксна или варијабилна), валута, рок до доспевање, посебни клаузули во договорот и сл.

При избор на инструмент, особено се има предвид валутата на инструментот, за што изборот се врши согласно направената анализа на односот меѓу:

- Каматните стапки на инструментите во денари и евра и
- Валутниот ризик, кој произлегува од оценката на веројатноста за промена во курсот на денарот и кој би резултирал во намалување на главнината на Друштвото под законски минималната главнина изразена во евра.

## Политика на дивиденди

Усвојувањето на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Друштвото е предмет на расправа и одлучување на Годишното собрание на акционери на Друштвото.

По разгледување и усвојување на Годишната сметка и Годишниот извештај, Собранието на акционери одлучува за распоредување на добивката.

Во 2022 година, исплатена е дивиденда во износ од 67,7 милиони денари, согласно Одлуката за распределба на нераспределена (акумулирана) добивка на Друштвото за 2021 година, донесена на Собранието на акционери.

## Управување со капитал

Друштвото треба да обезбеди минимален износ на капитал зависно од висината на средствата на фондовите со кои управува. Нивоата на средства на фондовите и потребниот минимален капитал, за дадено ниво на средства, се дефинирани во законската регулатива. Определба на Друштвото е потребниот минимален капитал да го обезбедува од сопствени средства.

Во процесот на стратешко планирање, се утврдува очекуваното движење на средствата на фондовите во планскиот период и потребниот капитал, врз основа на што се утврдуваат изворите на средства и се дефинира инвестиционата политика и политиката на исплата на дивиденди во планскиот период, на начин кој ќе овозможи обезбедување на минималниот законски капитал.

## Политика на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина

Во пасивата на Друштвото на ден 31.12.2022 година, обврските учествуваат со 3,5%, од кои најголем дел се краткорочни обврски. Односот на долгорочниот долг на Друштвото спрема основната главнина во 2022 година изнесуваше 1,6% и нема значителни промени во однос на 2021 година.

## Големи зделки

Друштвото, во 2022 година, немаше зделки со кои стекнува или отуѓува имот на Друштвото чија вредност изнесува над 20% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото, определена врз основа на последните финансиски извештаи на Друштвото.

# ПАЗАРИТЕ НА КАПИТАЛ ВО 2022 ГОДИНА

## Глобални макроекономски и пазарни движења

2022 беше тешка година за финансиските пазари. Војната во Украина и битката на централните банки против инфлацијата беа главните пречки за перформансот на пазарите на капитал. Сепак, последниот квартал од годината донесе одредено олеснување.

Value акциите значително ги надминаа growth акциите. Ова во голема мера може да се објасни со високите почетни вреднувања на growth акциите, со разочарувањата околу растот како и со зголемувањето на каматните стапки. На почетокот на 2022 година, вреднувањето на growth акциите достигна неодржливи нивоа, при што MSCI World Growth Index се тргуваше на ниво од 31 пат повисоко од очекуваната заработка, во споредба со само 14 пати повисока заработка за MSCI World Value Index. До крајот на годината, вреднувањата паднаа на 21, односно 12 пати очекувана заработка. Ова сè уште прави growth акциите да изгледаат малку скапи според историските стандарди, додека валуе акциите изгледаат прилично евтини.

Разликите во движењата помеѓу цените на value акциите и growth акциите се согледуваат и преку MSCI World Value Index кој падна 5,8% во 2022, споредено со MSCI World Growth Index кој падна 29,1%. Изгледа дека ваквите вреднувања кај value акциите не вградуваат ризик за рецесија. Сепак, овие приноси се поддржани од подобрите перформанси на подефанзивните сектори како здравство, нециклична потрошувачка и комунални услуги, заедно со силните приноси кај акциите од секторот енергија. И покрај ова, одредени циклични value акции остварија значителен пад. На пример, американските банки изгубија речиси 30% од својата вредност, што укажува дека пазарот антиципира пад на економската активност.

Веројатно најболниот потег на пазарите беше остриот пад на цените на државните обврзници. Акциите можат да бидат доста волатилни, но невообичаено големата распродажба кај државните обврзници, заедно со падот на цените на акциите, ги оставија инвеститорите без засолниште во бурата. Ова беше предизвикано од централните банки кои мораа да ги зголемат каматните стапки многу повеќе отколку што очекуваа инвеститорите на почетокот на годината поради ненадејната инфлација. Пазарот на државни обврзници на Обединетото Кралство беше особено тешко погоден, паѓајќи 25% во текот на годината. Флексибилните аналитичари на инструменти со фиксен доход кои успешно ја предвидоа потребата за зголемување на каматните стапки остварија натпросечни резултати.

Еден дел од светот каде малку би тврделе дека лошите вести не се влезени во цена е Кина. MSCI China Index изгуби 50% од врвот во 2021 година и 2022 година ја заврши со негатива од 22%. Ваквиот перформанс вклучува и период на оптимизам поради

олеснување на ковид мерките од страна на кинеската влада, кој резултитираше со раст од 34% од неодамнешното дно во октомври. Така, и покрај олеснувањето во 4. квартал, 2022 година ќе биде запомнета како година во која пазарите ги градија непријатните последици од високата инфлација и каматните стапки, кои најверојатно ќе ја погодат глобалната економија во 2023 година. Позитивното е што сега рецесијата е широко очекувана и пазарите започнуваат да антиципираат пад на инфлацијата и врв на каматните стапки, па така 2023 би можела да биде подобра година и за акциите и за обврзниците.

Во поглед на валутите, американскиот долар порасна за речиси 6% во однос на еврото, поради поострото монетарно затегнување од страна на Фед споредено со тоа на ЕЦБ, како и поради улогата на американскиот долар како safe haven валута во услови на поголеми пазарни корекции. Исто така, еврото депрецираше околу 5% во текот на годината во однос на швајцарскиот франк и апрецираше нешто повеќе од 5% во однос на британската фунта. За крај, еврото забележа апрецијација од 7,24% во однос на јенот поради поекспанзивниот карактер на јапонската монетарна и фискална политика, кој преовладуваше во 2022 година.

## Домашни макроекономски и пазарни движења

Од почетокот на вториот квартал на 2022 година, па с до крајот на годината Народната Банка водеше рестриктивна монетарна политика, при што во 8 наврати ја зголеми каматната стапка на благајничките записи за вкупно 3,5 процентни поени, односно искачувајќи ја од 1,25% на 4,75%. Што се однесува до понудата на благајнички записи, таа остана непроменета во текот на целиот период, т.е. на износ од 10 милијарди денари месечно. Во согласност со зголемувањето на основната каматна стапка, следеше зголемување и на каматните стапки на кредитот преку ноќ и на депозитите преку ноќ и на седум дена. Целта на овие промени е одржување на стабилноста на девизниот курс денар/евро и на среднорочната ценовна стабилност. Ваквата монетарна поставеност беше поддржана и зајакната и со промени кај инструментот задолжителна резерва, како и со други системски мерки, како што е воведувањето на противцикличен заштитен слој на капиталот (од 0,5%), со што дополнително се зајакна отпорноста на банкарскиот систем. Промените во монетарната политика пред с, се реакција на повисоката инфлација од првичните очекувања, додека девизниот пазар си ја задржа својата стабилност. Во последните неколку месеци НБ има мал удел на девизниот пазар (повеќе се јавува на откупна страна), а девизните резерви ги оценија дека се во сигурна зона и се доволни за да ги задоволат потребите за девизна ликвидност. На 31.12.2022 година девизните резерви изнесуваат 3,86 милијарди евра и се повисоки за 219,6 милиони евра во однос на крајот од минатата година. Банкарскиот сектор и целокупниот финансиски сектор е стабилен и солвентен, бележејќи раст во своите деловни активности. Заклучно со месец ноември депозитите на годишна основа се зголемени за 5,0%, а кредитниот раст е во висина од 9,60%. Активните и пасивните каматни стапки, во последните месеци од годината, веќе почнаа да го одразуваат монетарното затегање.

Во делот на фискалната политика, во 2022 година, остварени се вкупни приходи во Буџетот од 243,1 милијарда денари, а реализацијата е многу блиска до проекцијата и изнесува 98,92%. Вкупните приходи се повисоки за 11,5% во однос на 2021 година и во голема мера тоа се должи на даночните приходи и придонесите, кои минатата година се реализирани со 99,3%, или 220,2 милијарди денари. Вкупните расходи се реализирани нешто пониско од проектираните и истите изнесуваат 278,59 милијарди денари или 96,57% од проекцијата, со што и буџетскиот дефицит е понизок од проектираниот. Буџетскиот дефицит е реализиран со 83% од планираниот, односно околу 35,50 милијарди денари, што е пониско за 3,4 милијарди денари или за 8,7% во однос на лани. Капиталните расходи на крајот од 2022 година имаат реализација од 87,9% или 28,64 милијарди денари и се повисоки за 22,3% во однос на 2021 година. На 23 декември, македонското Собрание го усвои Буџетот за 2023 година со кој се предвидува приходите да изнесуваат 282,1 милијарди денари, повисоки за 16% во однос на 2022 година, додека расходите да бидат на ниво од 324,8 милијарди денари или повисоки за 16,6% во однос на 2022 година. Со вака проектираните приходи и расходи буџетскиот дефицит се предвидува да изнесува 4,6% од планираниот БДП или 42,7 милијарди денари. Дефицитот ќе се финансира од домашни и странски извори.

Според министерот за Финансии, македонската Влада цврсто останува на определбата за фискална одржливост, со постепена фискална консолидација која нема да му наштети на економскиот раст. На среден рок се очекува постепено намалување на буџетскиот дефицит, односно да биде во рамките на Мастришките критериуми. Државниот долг заклучно со 30.11.2022 година изнесува 6.599,5 милиони евра или 48,9% од БДП. Во поглед на дебатата која се водеше околу даночните измени кои требаа да стапат на сила во 2023 година, Владата излезе со одлука за задржување на постојните даночни стапки с до влезот на Северна Македонија во ЕУ. Промени се најавени само кај даночните стапки на одредени прехранбени производи (од 5% на 10% за производи кои се сметаат за луксуз) и промени во делот на даночната основа преку ревидирање на даночните ослободувања и повластените стапки.

Што се однесува до понудата на државни хартии од вредност, Министерството за финансии во текот на годината продолжи со праксата на одржување на аукции двапати месечно, при што каматните стапки на државните хартии од вредност во неколку наврати беа зголемени. Па така, каматна стапка на 12-месечните државни записи од 0,6% на почетокот на годината се зголеми на 3,50% на крајот на годината. Зголемување имаше и на каматната стапка на долгорочните хартии од вредност, односно к.с. на 15-годишните државни обврзници од 2,60% на почетокот од годината се искачи на 5,40% на крајот од 2022 година. На меѓународните пазари на капитал приносите по кои се тргуваа македонските еврообврзници забележаа нагорно придвижување. Каматните стапки на македонските еврообврзници, од почетокот на годината па заклучно со месец декември, се зголемени за 3,9 процентни поени. На 30.12.2022 година, македонската еврообврзница со рок на достасување 2028 година се тргува со принос од 6,63%, додека пак македонската еврообврзница која доспева во 2023 година се тргува со принос од 4,99%.

Според проценетите податоци на Државниот завод за статистика, стапката на раст на бруто домашниот производ во првите три квартали од годинава изнесуваше: 2,4%, 2,8% и 2,0% соодветно. Во просек, во првите три квартали на 2022 година, економијата бележи реален раст од 2,7%. Индустриското производство во месец ноември 2022 година, во однос на ноември 2021 година (последен податок) забележа пад од 3,7%, додека пак гледано кумулативно во периодот јануари - октомври 2022 година во однос на истиот период лани индустриското производство бележи пад од 0,1%. Инфлацијата во текот на месец декември, за првпат оваа година, ги покажа првите знаци на забавување и во однос на претходниот месец цените се пониски за 0,2%. На годишно ниво месец декември 2022 година во однос на месец декември 2021 година инфлацијата изнесува 18,7%, а кумулативно во однос на претходната година инфлацијата се искачи на 14,20%. Трговската размена, изразена во евра, во периодот јануари – ноември 2022 година во однос на јануари - ноември 2021 година бележи раст од 24,9%, при што извозот расте со 20,8% додека увозот е зголемен за 27,8%. Покриеноста на увозот со извоз во овој период изнесува 68,9%. Според последните податоци од Државниот завод за статистика активното население во Македонија, во третиот квартал од 2022 година, изнесува 808.328 лица, од кои вработени се 693.062, а 115.266 лица се водат како невработени. Стапката на активност во овој период е 55,2%, стапката на вработеност 47,3%, додека стапката на невработеност изнесува 14,3%. Стапката на невработеност бележи намалување во однос на претходниот квартал, кога истата изнесувала 14,5%.

# ЧЛЕНСТВО

## Членство во задолжителниот фонд

Во задолжителниот фонд, заклучно со 31.12.2022 година има 255.254 отворени сметки и потсметки. Во 2022 година, има прилив на 1.763 члена по основ на склучени договори за членство и реализирани премини во ЗПФ, приливот од распределени членови изнесува 8.281 члена, 3.990 членови преминале во други пензиски фондови, а 242 се исплати по основ на пензија и наследство.

Нето зголемувањето на годишно ниво изнесува 4.013 нови сметки и потсметки и е над планираното (3.923) согласно планот за 2022 година.

| Период | Нето промена на членство | Вкупно членови |
|---|---|---|
| 2020 Σ | 7.129 | 247.122 |
| 2021 Σ | 4.119 | 251.241 |
| 2022 Σ | 4.013 | 255.254 |

## Членство во доброволниот фонд

Во доброволниот фонд, вкупниот број на членови заклучно со 31.12.2022 година изнесува 13.014, од нив 8.808 се со индивидуално членство, а 4.206 се членови вклучени во професионални пензиски шеми. Во 2022 година, во Сава пензија плус се зачлениле 1.159 нови членови, а фондот има одлив од 273 членови. Во споредба со 2021 година остварениот прилив на бруто уплати во 2022 година е понизок за -0,49%.

| Период | Нето промена на членство | Вкупно членови |
|---|---|---|
| 2020 Σ | 480 | 11.065 |
| 2021 Σ | 1.063 | 12.128 |
| 2022 Σ | 886 | 13.014 |

## Деловно окружување

Капитално финансираното пензиско осигурување претставува втор сегмент по големина во финансискиот систем на РС Македонија, по банкарскиот систем. Во задолжително пензиско осигурување до 31.12.2022 година пристапиле 572.094 членови, од кои во Сава пензиски фонд пристапиле 255.254 или 44,62% од вкупниот број на членови. Споредено со 31.12.2021 година, нето средствата на задолжителниот пензиски фонд продолжија да се зголемуваат, со раст од 5,76%, односно околу 45 милиони ЕУР.

Во доброволното пензиско осигурување до 31.12.2022 година пристапиле 29.502 члена, од кои 13.014 се во Сава пензија плус, што претставува 44,11% од вкупниот број на членови. Пазарното учество во вкупните нето средства изнесува 48,82%. Споредено со 31.12.2021 година, нето средствата на доброволниот пензиски фонд продолжија да се зголемуваат, со раст од 5,45%, односно околу 1,25 милиони ЕУР.

Усложнувањето на макроекономските услови на глобално ниво предизвикано од зачетокот на енергетската криза, кинеската Нулта-Ковид политика, проблемите со синџирите на снабдување и зголемената побарувачка по отворањето на економиите (со исклучок на Кина), како резултат на олабавување на анти-Ковид мерките и војната во Украина предизвикаа раст на исплатите во 2022 година, како и намалување на износот на уплати и бројот на нови членови во третиот квартал од годината. Во четвртиот квартал од 2022 година, реализираните уплати и реализираното ново членство повторно имаа нагорно движење, односно беа повисоки од планираните.

# АГЕНТСКА МРЕЖА

Во текот на 2022 година, агентската мрежа на Друштвото ја сочинуваа просечно 351 активни агенти.

Агентската мрежа на Друштвото ја покрива целата територија на Државата, со акцент на продажните места на Друштвото во 44 експозитури на Деловниот соработник НЛБ Банка АД Скопје и 24 продажни места кај Деловниот соработник: Сава Осигурување ад Скопје. Во 2022 година како нов Деловен соработник започна со работа и Стопанска банка а.д. Битола која тековно има 7 продажни места низ државата.

Понатамошната соработка со Сава Осигурување ќе овозможи членовите и сите заинтересирани граѓани да се информираат и добијат целосна услуга за пензиското осигурување и преку продажните места на Сава Осигурување. Двете компании ќе работат на зголемувањето на бројот на продажни места во подружниците на Сава Осигурување, преку кои ќе се вршат работи на маркетинг за Сава пензиско друштво а.д. Скопје.

Со покривање на целата територија на Државата, се обезбедува можност за директен контакт со секој член и лично присуство на лиценциран агент при склучување на договори за задолжително и доброволно пензиско осигурување, како и обезбедување на сите други значајни услуги од капитално финансирано пензиско осигурување како: исплата на пензии и пензиски надоместоци, наследување на средства, ажурирање на лични податоци и други услуги. Во продажните места, членовите и потенцијалните членови преку професионални финансиски советници кои располагаат со лиценци и познавања за најразлични финансиски производи можат да добијат компетентна и стручна информација за избор на соодветен финансиски производ за нивните потреби.

## Обука на агентите

Друштвото спроведуваше континуирана обука на лицата кои вршат работи на маркетинг и во 2022 година одржани се повеќе обуки на агентската мрежа:

- Обуки во продажни места;
- Еднодневни регионални обуки на агенти
- Обуки на кандидати за агенти.

Посебен акцент на обуките беше даден на законските обврски при вршење на продажба и маркетинг на пензиско осигурување, улогата на МАПАС во системот на пензиско осигурување, користењето на апликацијата Деловен соработник, грижата за членство, управувањето со ризици, начинот на инвестирање на средствата на фондовите, спречувањето перење пари и социјалниот инженеринг, продажни вештини.

Обуките се спроведени од интерниот кадар на Друштвото, при што беа вклучени вработени од повеќе сектори.

Надворешни едукатори:

Урош Орник – Сава покојнинска дружба

Лулзим Адили – Примал ЦПД

Редовно се одржуваа он-лине или со лично присуство и подготвителни обуки за кандидатите за испит пред секоја испитна сесија во 2022 година.

Покрај едукативните активности на агентската мрежа, Друштвото континуирано спроведува секојдневни контроли на нивното работење, а спроведува и редовни контроли на продажните места,

# УПРАВУВАЊЕ СО СРЕДСТВАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

## Остварени приливи на средства во фондот

Бруто прилив од придонеси: 5 милијарди МКД, односно 81,35 милиони ЕУР.

Во споредба со 2021 година, остварениот прилив е повисок за 12,4%.

Просечен износ на поединечна уплата: 2.682 МКД

Нето одлив по основ на трансфери во конкурентни фондови: 874 милиони МКД.

## Структура на инвестициското портфолио на 31.12.2022

Во структурата на инвестициското портфолио на 31.12.2022 година, доминантно учество имаат државните обврзници, со учество од 58,97%.

### Структура на вкупните средства според одделните категории инструменти



### Структура на вкупни средства по држава на издавач




## NAV, принос и вредност на сметководствената единица

Нето средствата на фондот: 50,72 милијарди МКД

Вредност на сметководствена единица: 235,843874.

Седумгодишниот номинален принос, сведен на годишно ниво: 4,77% (номинален), односно 0,73% (реален).

| Вид на принос | Износ во % |
|---|---|
| Номинален | 4,77% |
| Реален | 0,73% |

Номиналната стапка на принос од основање, сведена на годишно ниво изнесува 5,17%, со што е постигната долгорочната цел за номинален годишен принос од 4,00%, утврдена со Инвестиционата стратегија. Реалната стапка на принос за истиот период изнесува 2,12%.

Реалниот принос се добива од номиналниот принос, коригиран за промената на нивото на трошоците на живот во пресметковниот период. Приносот на индивидуална сметка е променлив и зависи од приносот на задолжителниот фонд и од надоместоците наплатени од Друштвото.

### Надоместоци* кои ги наплатуваше Друштвото во периодот за кој се пресметува приносот 31.12.2015 - 31.12.2022

| Период | 01.01.2015 - 31.12.2015 | 01.01.2016 - 31.12.2016 | 01.01.2017 - 31.12.2017 | 01.01.2018 - 31.12.2018 | 01.01.2019 - 31.12.2019 | 01.01.2020 - 31.12.2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Надоместок од придонеси | 3,25% | 3,00% | 2,75% | 2,50% | 2,25% | 2,00% |
| Месечен надоместок од вредноста на нето средствата | 0,040% | | 0,035% | | 0,030% | |
| Надоместок за премин | | | | | | |
| Број на денови на членство≤720 | 15 евра (во денарска противвредност) | | | | | |
| Број на денови на членство>720 | Не се наплаќа надоместок за премин | | | | | |

Трансакциони провизии** платени од средствата на пензискиот фонд за периодот за кој се објавува приносот 31.12.2015 – 31.12.2022 изнесуваат вкупно 13.387.082 денари, односно 0,06 МКД по една сметководствена единица. Нема намалување на надоместоци за постојано членство.

Трансакциони провизии** платени од средствата на пензискиот фонд за 2022 година изнесуваат вкупно 2.816.365 денари, односно 0,01 МКД по една сметководствена единица.

** Извор: Веб страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување www.mapas.mk*

*** Извор: Сава пензиско друштво -Трансакциски трошоци за Македонска Берза АД Скопје, ЦДХВ АД Скопје и институции во странство*

### Движење на NAV и на сметководствената единица во 2022 година



# УПРАВУВАЊЕ СО СРЕДСТВАТА НА ДОБРОВОЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

## Остварени приливи на средства во фондот

Бруто прилив од придонеси: 190,2 милиони МКД, односно 3 милиони ЕУР.
Во споредба со 2021 година, остварениот прилив е понизок за 0,7%.
Просечен износ на поединечна уплата: 3.836 МКД

## Структура на инвестициското портфолио на 31.12.2022

Во структурата на инвестициското портфолио на 31.12.2022 година, доминантно учество имаат државните обврзници, со учество од 48,78%.

### Структура на вкупните средства според одделните категории инструменти




### Структура на вкупни средства по држава на издавач




## НАВ, принос и вредност на сметководствената единица

Нето средства на фондот на 31.12.2022: 1,49 милијарди МКД.
Вредност на сметководствената единица: 204,936103.
Седумгодишен номинален принос, сведен на годишно ниво: 4,80% (номинален), односно 0,77% (реален).

| Вид на принос | Износ во % |
|---|---|
| Номинален | 4,80% |
| Реален | 0,77% |

Номиналната стапка на принос од основање, сведена на годишно ниво изнесува 5,48%, со што е постигната долгорочната цел за номинален годишен принос од 4,00%, утврдена со Инвестиционата стратегија. Реалната стапка на принос за истиот период изнесува 2,47%.

Реалниот принос се добива од номиналниот принос коригиран за промената на нивото на трошоците на живот во пресметковниот период. Приносот на индивидуална сметка и/или професионална сметка е променлив и зависи од приносот на доброволниот пензиски фонд и од надоместоците наплатени од Друштвото.

### Надоместоци* кои ги наплатуваше Друштвото во периодот 31.12.2015-31.12.2022

| Период | 31.12.2015-31.12.2016 | 01.01.2017-30.04.2021 | 01.05.2021-31.12.2022 |
|---|---|---|---|
| Надоместок од придонеси | 3,80% | 2,90% за индивидуални членови и максимум 3,80% за членови со професионална сметка | 2,50% за индивидуални членови и максимум 2,50% за членови со професионална сметка |
| Месечен надоместок од вредноста на нето средствата | 0,10% | 0,10% | 0,075% |
| Надоместок за премин | | | |
| Број на денови ≤360 | 10 Евра во денарска противвредност | | |
| Број на денови> 360 | не се наплаќа надоместок за премин | | |

Трансакциони провизии** платени од средствата на пензискиот фонд за периодот 31.12.2015 – 31.12.2022 изнесуваат вкупно 1.601.877 денари, односно 0,22 МКД по сметководствена единица. Нема намалување на надоместоци за постојано членство.

Кај членовите со професионални пензиски сметки (членови на професионални пензиски шеми), надоместокот од придонеси се уредува со договорот за вклучување на професионалната пензиска шема во доброволниот фонд и е наведен во Правилата на професионалната пензиска шема. Трансакциони провизии** платени од средствата на пензискиот фонд во 2022 изнесуваат вкупно 286.512 денари, односно 0,04 МКД по една сметководствена единица.

** Извор: Веб страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување www.mapas.mk*

*** Извор: Сава пензиско друштво -Трансакциски трошоци за Македонска Берза АД Скопје, ЦДХВ АД Скопје и институции во странство*

**Движење на NAV и на сметководствената единица во 2022 година**




# МАРКЕТИНГ, ГРИЖА ЗА ЧЛЕНСТВО И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО 2022 ГОДИНА

## Маркетинг активности спроведени врз основ на Законска регулатива

Регулативата за капитално финансирано пензиско осигурување предвидува редовна реализација на пропишани маркетинг активности од страна на пензиското друштво во насока на информирање на членовите, јавноста и зголемување на транспарентноста на пензискиот систем. Во таа насока Друштвото:

- Навремено и целосно достави редовни законски годишни извештаи за пензиска заштеда со состојба на 31.12.2021 година, до членовите и пензионираните членови од двата пензиски фонда.
- Достави известувањата до Осигурителите за нивните права и обврски кои произлегуваат од професионалните пензиски шеми;
- Навремено се објавени редовни законски извештаи на веб страна и дневни весници;
- Објавени се Информативни проспекти за Сава пензиски фонд и Сава пензија плус;
- Комуницираше, со посебно внимание, со членовите со бенефициран стаж кои требаше да донесат одлука дали да останат членови во втор столб или да го прекинат своето членство, согласно законските измени;
- Достави известувања до трајно распределените членови на задолжителниот пензиски фонд.

## Едукативни маркетинг активности

Друштвото активно и во континуитет работи на едукација на населението за пензискиот систем. Овие активности се спроведуваат дел самостојно, а дел заедно со другите учесници во системот. Активности кои ги реализираше Друштвото во 2022 година:

- Реализира различни маркетинг активности со цел едукација на населението и зголемување на свесноста за пензиските заштеди и промоција на продуктите и услугите кои Сава пензиско друштво а.д. Скопје ги има за своите членови и потенцијални членови;
- Едукативна кампања „Месец на пензиско советување“;



- Едукативна кампања „Засади желба“, заедно со другите пензиски друштва;
- Редовни објави за приливи од инвестициските активности со средствата во пензиските фондови на блог страната на Друштвото и на социјалните медиуми, со цел транспарентност и информираност на членовите;
- Редовна објава на текстови на својот Блог портал „Никогаш Сами“;
- Ги користеше профилите на социјалните мрежи за да ја зголеми информираноста, свесноста и едукацијата за капитално финансираното пензиско осигурување.
- Редовно спроведува анкети на членовите за задоволството од услугите кои ги добиваат, со соодветно мерење на резултатите од анкетите со цел подобрување во сегменти каде би се детектирале можности за подобрување,
- Редовно беше доставуван краток “Информатор” за пензискиот систем, со секој склучен договор за членство во втор и трет столб.

## Промотивни активности

Бренд промотивните активностите беа насочени кон градење на позитивен имиџ на Сава пензиско друштво а.д. Скопје, преку подобрување на внатрешната и надворешната комуникација, преку методи на рекламирање и односи со јавност, паралелно со континуирана промоција и презентација на продукти и услуги кои ги нуди Друштвото.

Оваа година, во насока на промоција на Брендот, се насочивме кон градење и претставување на Сава пензиско друштво а.д. Скопје како Друштво кое е пријател на спортот и културата.

Бренд промотивните активностите беа насочени кон градење на позитивен имиџ на Сава пензиско друштво а.д. Скопје, преку подобрување на внатрешната и надворешната комуникација, преку методи на рекламирање и односи со јавност, паралелно со континуирана промоција и презентација на продукти и услуги кои ги нуди Друштвото.

Оваа година, во насока на промоција на Брендот, се насочивме кон градење и претставување на Сава пензиско друштво а.д. Скопје како Друштво кое е пријател на спортот и културата.




Во оваа насока е и кампањата “Ажурирај, Донирај“, која е насочена кон активација на членовите за ажурирање на личните податоци и избор за достава на известувања на електронска адреса, при што активно ќе подржат заштита на околината, навремено ќе бидат информирани и ќе придонесат за донација на Друштвото кон здравствена установа.

## Активности за грижа за членството

Имајќи го во предвид концептот “Клиентот во центарот на нашето внимание“ Друштвото:

- Редовно постапуваше и ги обработуваше сите пристигнати договори, формулари и барања од страна на членови и пензионирани членови;
- Се комуницираше, со посебно внимание, со членовите со бенефициран стаж, кои требаше да донесат одлука дали да останат членови во втор столб или да го прекинат своето членство, согласно законските измени;
- Спроведе обуки за агенти кои вршат работи на маркетинг на Друштвото и пензиските фондови;
- Повремено ги известува членовите на доброволниот фонд и Осигурителите со пензиски шеми за новости и промени на пензиските сметки;
- Постојано комуницираше со сите членови, пензионирани членови и

потенцијални членови кои го контактираа Друштвото лично, телефонски или електронски;

- Ги користеше своите комуникациски канали за непречено сервисирање на сите потреби на членовите и потенцијалните членови преку своите напредни дигитални канали на комуникација и широката мрежа на продажни места;
- Навремено и со должно внимание се постапуваше по сите пристигнати поплаки во врска со остварувањето на права од членство во пензиски фонд, од страна на поранешни, сегашни и идни членови или пензионирани членови;
- Во услови на пандемија и ограничување во движењето ги прилагоди своите комуникациски канали за непречено сервисирање на сите потреби на членовите и потенцијалните членови преку своите напредни дигитални канали на комуникација и широката мрежа на продажни места;
- Редовно спроведува анкети на членовите за задоволството од услугите кои ги добиваат, со соодветно мерење на резултатите од анкетите со цел подобрување во сегменти каде би се детектирале проблеми.

## Одржлив развој

Изминатата година Друштвото во насока на почитување на принципите за здравје и благосостојба и зачувување на животната околина, спроведе неколку активности во областа на Одржлив Развој. За своите вработени Друштвото организираше активности за градење на тим, учество на Скопски и Љубљански маратон, учество на неколку планинарски тури (планинарење и велосипедизам), како и едукативни предавања за подобрување на менталното здравје и справување на стресот на работно место.

Исто така, Друштвото преку волонтерски активности спроведе неколку акции за уредување на паркови, игралишта, садење на дрва. Отворивме Сензорна соба за децата со атипичен вид во едно Основно Училиште, како и во насока на подигнување на чувството за емпатија организиравме донаторски акции на училиштен прибор и облека за социјално загрозени семејства.

Активности кои ги спроведе Друштвото во изминатата година:

- Иницијатива Срце за светот – Организирана волонтерска акција на уредување на кошаркарско игралиште, парк и детско игралиште во Општина Илинден;
- Иницијатива Срце за светот – Организирана волонтерска акција на уредување на парк во Општина Брвеница;
- Донација и настан по повод 17 години Сава пензиско друштво – Отворена Сензорна соба во Основното Училиште Јохан Хајнрих Песталоци;
- Организирана регата ,'Заедно за иднината на езерото'', на Охридско Езеро, во соработка со Акватика Јахтинг и Сава Осигурување;
- Иницијатива Срце за светот – Донација на училиштен прибор преку Здружението „Проект Среќа";
- Иницијатива Срце за светот – Организирана волонтерска акција за прибирање донации на облека и обувки во соработка со Копче;
- Организираше велосипедска тура Сава МТБ Бистра;
- Организирани Тим-Билдинг активности со вработените;
- Поддршка на Конкурс „Со Љубов од Битола";
- Учество на спортски игри на Сава Осигурителна Групација;
- Организирани крводарителски акции, во соработка со Сава Осигурување;



- Организирана на велосипедска трка САВА Мариово Тур;
- Учество на вработените на Скопски и Љубљански маратон;




- Организирани на едукативни предавања за вработените на тема „ Подобрување на менталното здравје“ и „Справување со стрес на работно место”;
- Иницијатива Срце за светот - Донација на храна за кучиња на стационарот Happy Shelter.

Во однос на усвоените инвестициони стратегии, редовно беа вршени анализи во поглед на поставените цели и нивно остварување. Друштвото не само во процесот на инвестирање на средствата на своите членови, туку и во процесот на инвестирање на средствата на Друштвото и процесот на набавки ги спроведува ЕСГ критериумите при избор на компанија и избор на инструменти во кои ќе инвестира.

Под мотото „Never Alone” – секојдневно водиме грижа за нашите вработени и обезбедуваме услови за нивна поуспешна работа. Преку активности за „Градење на тим“ транспарентно и објективно разговараме за наше секојдневно подобрување во работниот процес и исполнување на нашите цели и визија.

Со активностите кои ги спроведуваме под мотото „Срце за Светот“ ја истакнуваме нашата хуманитарна и добротворна работа преку која придонесуваме за подобра животна средина и поубава иднина.

И оваа година, Друштвото продолжи со печатење на законскиот извештај за пензиска заштеда на биоразградлива хартија.

# УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ НА ДРУШТВОТО

## Оперативен ризик (несакани настани)

Управувањето со оперативниот ризик е регулирано со интерните акти, каде е пропишана постапката за идентификација, оценка, следење и совладување на оперативните ризици, како и евиденција и известување за несакани настани од кои произлегуваат оперативни ризици во работењето на Друштвото.

Со интерните акти е уреден и процесот на пријава на реализирани несакани настани како и контролните механизми за митигација на идентификуваните ризици. Редовно се спроведуваат обуки на вработените за да се запознаат со процесот на управување со ризици на Друштвото.

## Пазарни ризици

Во текот на 2022 година, Друштвото управуваше со пазарните ризици преку:

- Следење на каматните стапки, девизниот курс и цените на финансиските инструменти кои се тргуваат на секундарниот пазар, а кои влијаат на приходите на Друштвото и на вредноста на финансиските инструменти;
- Диверзификација на портфолиото на Друштвото од аспект на видот на каматните стапки (фиксни, варијабилни) и валутата на инструментите.

Со 31.12.2022 беше направено вреднување на обврзниците во AFS портфолио кои немаат пазарна цена со примена на модел кој базира на пазарни претпоставки.

## Кредитни ризици

Управувањето со кредитен ризик во најголема мера е законски регулирано со ограничување на вложувањата на Друштвото во банкарски депозити и должнички хартии од вредност чиј издавач е Државата. Друштвото управува со кредитниот ризик на тој начин што ги вложува слободните парични средства само во законски дозволени инструменти. Друштвото ги следи кредитните ризици поврзани со Државата и банкарскиот сектор и ги почитува и се прилагодува со Групациските стандарди и лимити.

Во 2022 година, немаше доцнење или неисполнување на обврските од страна на банките и издавачите на финансиските инструменти, во кои Друштвото има инвестирано.

## Ликвидносен ризик

Друштвото има воспоставено постапка за управување со ликвидносниот ризик на месечно ниво со интерно известување за месечната ликвидносна позиција.

Одржувањето на соодветно ниво на ликвидни средства е под влијание и на законските барања, односно барањата на регулаторот за одржување на задолжителни ликвидни средства во износ утврден како % од главнината на Друштвото. За оваа цел се доставува квартален извештај за ликвидни средства на Друштвото до МАПАС.

Во 2022 година Друштвото беше во можност да ги подмири сите доспеани обврски и ја одржуваше ликвидносната позиција над законски пропишаниот % од главнината на Друштвото.

# УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ НА ФОНДОВИТЕ

Во текот на годината на континуирана основа беа следени кредитниот ризик, ликвидносниот ризик, оперативниот ризик, ризикот од промена на законската регулатива, ризикот од неисполнување на спротивната страна, ризикот на порамнување, ризикот кај банката чувар на имот, ризикот на земја, инфлаторниот ризик, како и групата на пазарни ризици во која се вбројуваат ризиците од промена на пазарните цени, промената на каматните стапки, девизните курсеви и ризиците од промена на ликвидноста на пазарите на капитал.

Во рамките на системот на управување со ризици на пензиски фондови воспоставени се и во текот на годината без пречки функционираа процеси на месечно известување за изложеноста на средствата на фондовите кон идентификуваните ризици, како и квартално, полугодишно и годишно известување за одделни состојби и промени релевантни за процесот на управување со ризиците. Во согласност со утврдените потреби, во услови на изразени предизвици на пазарите на капитал, се доставуваа потребни извештаи и анализи.

Во 2022 година и покрај намалувањето на ризиците поврзани со пандемијата на ковид-19, специфичните пазарни околности предизвикани од воениот конфликт помеѓу Русија и Украина и високиот раст на стапките на инфлација на глобално ниво и во земјата, ја потврдија потребата од континуирано следење и соодветно управување со ризиците на фондовите.

## Информатичка технологија и сигурност на информацискиот систем

Друштвото и во 2022 година продолжи да го користи и унапредува хибридниот режим на работење. За таа цел службата за ИТ, континуирано ја надградуваше инфраструктурата и опремата за вработените. Беа набавени преносни компјутери, дополнителна периферна опрема за работа од дома , апликативно решение за сигурно поврзување од дома.

Како резултат на генералните залошби на ниво на Сава осигурителна група за континуирано унапредување на информатичката сигурност, Друштвото е дел од SOC (Security operation center) и активно учествува во надградбата на заедничката платформа. Во таа насока согласно процедурите на Друштвото, беа изведени редовни сигурносни и пенетрациски тестирања на информатичкиот систем .

Беше успешно тестирана резервната локација како дел од планот за континуитет во работењето.

Синергијата и усогласувањето на ИТ стандардите преку имплементација на добрите практики на ниво на Сава Осигурителна Група е мошне значајна за Друштвото. Таа допринесува за подигнување на нивото на управување на ИТ процесите. Поради тоа службата за информатичка технологија активно учествуваше во сите планови и размени на идеи на ниво на групација.

Во 2022 година беа изготвени планови и анализи за отпочнување на проекти за имплементација на нови софтверски решенија кои ќе допринесат во развојот на дигитализацијата на Друштвото: дигитално потпишување на договори и имплементација на апликативното решение COCOS кое веќе е имплементирано во рамките на Сава Осигурителна Групација.

Во рамките на Друштвото беа отпочнати надградби и имплементација на нови апликативни решенија : Деловен Соработник (апликација за соработка со деловните соработници на Друштвото), BigFix (напредно апликативно решение за сигурносни закрпи),Nagios ( апликативно решение за мониторинг на инфраструктурата во Друштвото)

Беше изведена редовна обука за вработените од областа на информатичката сигурност и социјалниот инженеринг.

Беше донесена Политика за кибернетска безбедност на Сава пензиско друштво со која се поставија основните начела и принципи врз кои се базира информатичката сигурност во Друштвото.

Сите процедури, методологии, правилници и упатства во рамките на службата за ИТ беа обновени и надградени согласно најновите трендови и практики. Исто така беа изработени и нови со кои дополнително се подобрија практиките на добро управување и работење во рамките на службата.

# УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

## Структура на вработени

На 31.12.2022 година, Друштвото има 43 вработени, од кои 41 се вработени на неопределено време, а 2 вработени имаа договор за вработување на определено работно време.

### Структура на вработени по степен на образование

| | 2022 | | 2021 | |
|---|---|---|---|---|
| Степен на образование | Број | Удел (во %) | Број | Удел (во %) |
| Основно образование | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Средно образование | 3 | 7,0 | 3 | 7,7 |
| Високо образование | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Универзитетско образование | 25 | 58,1 | 21 | 53,8 |
| Магистри и доктори | 15 | 34,9 | 15 | 38,5 |
| **Вкупно** | **43** | **100,0** | **39** | **100,0** |

| Сертификати и лиценци | Број на вработени |
|---|---|
| Лиценца за агент за вршење маркетинг и склучување на договори за членство | 20 |
| Положен стручен испит за вршење работи со хартии од вредност | 3 |
| Положен испит за инвестициско советување | 6 |
| Меѓународен CFA сертификат | 2 |
| Меѓународен FRM сертификат | 1 |
| Anti-money Laundering Specijalist | 1 |
| Меѓународен CAIA сертификат | 1 |
| Меѓународен CIPM сертификат | 1 |
| Меѓународен ACCA сертификат | 1 |
| Лиценца за овластен сметководител | 4 |
| Лиценца за овластен ревизор | 2 |
| Овластен актуар | 1 |
| Уверение за положен правосуден испит | 1 |

### Структура на вработени по старост

| | 2022 | | 2021 | |
|---|---|---|---|---|
| Старосна група | Број | Удел (во %) | Број | Удел (во %) |
| 20–25 | 5 | 11,6 | 4 | 10,3 |
| 26–30 | 4 | 9,3 | 3 | 7,7 |
| 31–35 | 3 | 7,0 | 3 | 7,7 |
| 36–40 | 10 | 23,3 | 10 | 25,6 |
| 41–45 | 15 | 34,9 | 14 | 35,9 |
| 46–50 | 4 | 9,3 | 3 | 7,7 |
| 51–55 | 1 | 2,3 | 0 | 0,0 |
| 56 и повеќе | 1 | 2,3 | 2 | 5,1 |
| **Вкупно** | 43 | 100,0 | 39 | 100,0 |

### Структура на вработени по пол

| | 2022 | | 2021 | |
|---|---|---|---|---|
| Пол | Број | Удел (во %) | Број | Удел (во %) |
| Жени | 19 | 44,2 | 19 | 48,7 |
| Мажи | 24 | 55,8 | 20 | 51,3 |
| **Вкупно** | 43 | 100,0 | 39 | 100,0 |

### Структура на вработени по должина на работен стаж во Друштвото

| | 2022 | | 2021 | |
|---|---|---|---|---|
| Работен стаж | Број | Удел (во %) | Број | Удел (во %) |
| од 0 до 5 години | 21 | 48,8 | 16 | 41,0 |
| од 5 до 10 години | 3 | 7,0 | 4 | 10,3 |
| од 10 до 15 години | 9 | 20,9 | 8 | 20,5 |
| од 15 до 20 години | 10 | 23,3 | 11 | 28,2 |
| од 20 до 30 години | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| 30+ | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| **Вкупно** | 43 | 100,0 | 39 | 100,0 |

### Стапка на флуктуација

| | 2022 |
|---|---|
| | Број |
| Бр. на вработени кои го напуштиле Друштвото | 2 |
| Бр. на вработени на последниот ден од претходната година | 39 |
| **Стапка на флуктуација (%)** | 5,13% |

## Клучни активности во управувањето со кадри

Во 2022 година, во процесот на управување со кадри, акцент беше ставен на:

- Комбинираното извршување на работните процеси и работните задачи на вработените од деловните простории и од дома (хибриден модел на работа) со поголемо присуство во канцеларија и ротации;
- Следење на исполнувањето на индивидуалните цели на вработените.
- Во текот на годината извршено е редовно годишно вреднување на перформансите и резултатите од работењето на вработените и работно ангажираните лица во Друштвото и поставени се целите за нареден период во корелација со целите на Друштвото;
- Интерни обуки и активности на team building.
- Друштвото овозможува учење и развој на вештини, како и развој на кариерата, преку промоција и унапредување на вработените, како и идентификација на таленти и потенцијални кадри. Вредности кои ги промовира Друштвото се: тимска работа, пријателски односи, отворена комуникација, добра соработка и посветеност;
- Безбедност и здравје при работа.
- Друштвото се грижи за безбедноста и здравјето на вработените, се залага за утврдување и воведување на превентивни заштитни мерки за безбедност и здравје при работа и обезбедува здрава работна средина. Воедно, покажа посветеност и ги презема сите потребни мерки за усогласено работење на Друштвото со регулативата за безбедност и здравје при работа. Беа спроведени систематски прегледи за сите вработени и работно ангажирани лица во Друштвото.
- Грижа за физичко, психичко здравје и благосостојба на вработените.
- Вработените учествуваа на спортски активности како: спортски групациски игри, Љубљански и Скопски маратон, а беше и овозможен Ден за спорт, посветен на спортска активност. На состаноци со вработените, се обработуваа теми од областа на психичкото здравје,
- Employer branding
- На Блог порталот на Друштвото беа објавувани авторски текстови на нашите вработени на различни теми од професионален и забавен карактер. Беа објавени 46 текстови на 23 вработени. Формиран е и тим на Пензиски амбасадори кој започна со функционирање во месец Септември. Поради значењето на добрите колегијални односи и во насока на промоција на етички вредности во Друштвото, вработените врз основа на 10 критериуми избраа најдобар колега.

## Развој и обука на вработените

Во текот на 2022 година, Друштвото овозможи да се реализираат повеќе активности кои беа насочени кон усовршување на вештините и знаењето на вработените, согласно политиката на Друштвото за перманентна едукација, усовршување и грижа за развој на човечките ресурси.

Темите на обука произлегоа од идентификуваните потреби за обука и законските барања поврзани со дејноста и работењето на Друштвото.

Голем дел од вработените учествуваа на надворешни обуки, семинари и конференции, при што беа опфатени различни области: инвестиции, управување со ризици, сметководство, даноци, продажни вештини, управување со човечки ресурси, право и законски промени.

Вработените во Друштвото активно следеа семинари организирани од страна на Сава Осигурителната Групација и други семинари и советувања од различни области за потребите на работењето на Друштвото.

### Клучни податоци за едукација на вработените

| **Година** | **2022** | **2021** | **Индекс** 2021/2021 |
|---|---|---|---|
| Број на часови на едукација | 1.500 | 2.405 | 62,4 |
| Број на учесници во едукативни настани | 43 | 38 | 113,2 |

### Број на часови на обука по вид на обука

| Број на часови на обука | **2022** | **2021** | **Индекс** 2022/2021 |
|---|---|---|---|
| Број на часови во интерни обуки | 799 | 273 | 292,7 |
| Број на часови во екстерни обуки | 701 | 2.132 | 32,9 |
| Вкупен број на часови на обука | 1.500 | 2.405 | 62,4 |

НИКОГАШ САМИ

SAVA

PENZISKO